**<u>Н А Ц Р Т</u>**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.12.2017 година**

**Скопје, декември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.12.2017 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Тренеска, министер за образование и наука, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Миладиновска-Пејчиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и д-р Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана, д-р Владимир Милошев, државен секретар во Министерството за здравство, Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи, Гајур Кадриу, директор на ЈП Македонијапат, Офелија Бојо, претставник од Царинската управа, Ивица Тодоровски, директор на Управата за хидрометеоролошки работи, Весна Крстиќ, претставник од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, Методија Граматковски, директор на ЈП Стрежево - Битола, Мартин Костовски, директор на ЈП Службен весник на Република Македонија (в.к.в), Иван Трпески, директор за развој и инвестиции во АД ЕЛЕМ - Скопје (в.к.в), Александар Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Љупчо Давчев, директор на Институтот за стандардизација на Република Македонија, Ирфан Асани, директор на ЈП

Македонски железници - Инфраструктура (в.к.в), Дарко Каевски, директор на Агенцијата за млади и спорт (в.к.в), Елеонора Петрова - Митевска, директор на Управата за заштита на културното наследство, Фејзула Неџмедин, претставник од Агенцијата за управување со одземен имот, Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Љубиша Ристиќ, директор на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, Сафет Емрули, директор на Државниот завод за индустриска сопственост, Тања Малиовска, претставник од ЈП за Државни патишта и претставник од Агенцијата за филм на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Табела со материјали за кои е побарано мислење и не се процесуирани во владина постапка поради докомплетирање и Табела со институции со број на неодговрени предмети

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за состојбата и можностите за наплата на даночен долг кај Јавното претпријатие „Македонијапат“ ЈПЦО Скопје

2. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

3. Информација за потребата од финансиски средства за санација на метеоролошките станици во Демир Капија, Штип и Крива Паланка и поправка на радарскиот систем во Ѓуриште

4. Информација за можни начини и решавање на состојбите врзани со задолжителните нафтени резерви, со Анализа за потребите и ефектите кои би се

постигнале со менување на уредбите за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати

5. Годишна сметка на ЈП „Стрежево“- Битола за 2016 година, Годишен извештај за работењето на ЈП „Стрежево“- Битола во 2016 година и Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево“- Битола за 2016 година, со Предлог-одлуки

6. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево“ - Битола за 2016 година

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2018 година

8. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2018 година

9. Информација за проекти кои не се поврзани со основната дејност на АД ЕЛЕМ

10. Информација за потреба од спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Струга (изведба на надпатник и дополнителен крак)

11. Барање за финансиски средства за плаќање на членарина за 2017 година кон европските и меѓународните тела за стандардизација

12. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, со Предлог-одлука

13. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2017 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија

14. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура

15. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (моторни возила) со правосилни пресуди/одлуки на државни органи и Предлог-одлуки за давање согласност за престанување на важењето на Одлуките за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на државни органи

16. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (разни предмети и храна) со правосилни пресуди/управна постапка на државни органи и Решенија за отстапување на одземени предмети (храна и други предмети)

17. Информација за материјално технички средства на Дирекција за заштита и спасување и предлог за трајно давање на користење на Јавна здравствена установа

Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

18. Информација за трансфер на прибраните средства во Компензациониот фонд Фаре во Буџетот на Република Македонија

19. Информација за реконструкција на пруга Куманово-Бељаковце, железнички Кориодор 8, за период 1.1.-30.6.2017 година

20. Информација за изменување на Законот за трговија согласно иницијативата на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“

21. Информација во врска со одржување на Петнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 14.12.2017 година во Приштина, Косово

22. Информација во врска со иницирање на постапка за изрекување на санкции за Република Македонија во споровите ECS-9/16 и ECS-2/15, покренати од Секретаријатот на енергетската заедница до Министерскиот совет, со Предлог-одговори

23. Информација во врска со одржување на Собрание на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 11.12.2017 година, во 14:00 часот

24. Информација во врска со барањата на концесионерите за измена на техничко решение за изградба на мали хидроелектрани

25. Информација во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на Ветерна електрана Богословец, со Предлог-одлука

26. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Гуштерица“, Општина Кичево

27. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи на локацијата со реден број 14 на река Падалишка на концесионерот МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје

28. Информација во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Про Кредит банка АД Скопје за финансирање на МХЕ Падалишка со референтен број 14 на концесионерот МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, со текст на Директен договор

29. Информација во во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со реден број 312, 315, 316 и 317 на река Врановска и река Тополка на концесионерот МХЕ Тополки ДОО Скопје

30. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со реден број 5 и 6 на река Жировница на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО од Скопје

31. Информација во врска со реализација на Одлуката за изменување и дополнување на Одлука на Владата на Република Македонија за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи на локации со референтен број 100 и 101 на река Лешочка

32. Информација во врска со спроведување на одлуките за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија за МХЕ Јадовска 9 и МХЕ Зрновска 352

33. Информација во врска со спроведување на Одлуките за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија за МХЕ Чемплеска 309 и МХЕ Стровија 250

34. Информација за текот на активностите на избраните понудувачи во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на 11 мали хидроелектрични централи

35. Информација за текот на активностите на избраните понудувачи во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на 35 мали хидроелектрични централи

36. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата бр.7 на река Рибничка на Концесионерот Актуел Енерџи Груп ДОО Скопје, со Договор за концесија

**в) политички систем**

37. Предлог-закон за ратификација на Дополнителен билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за екстрадиција од 13 декември 1957 година за олеснување на нејзината примена

38. Предлог-закон за ратификација на Дополнителен билатерален договор кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година, со цел олеснување на нејзината примена

39. Предлог-закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство

40. Информација за усвојување на текстот на Годишна национална програма на Република Македонија за членство во НАТО за 2017-2018 година, во рамки на 18-от циклус на Акциониот план за членство, со текст на Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО за 2017-2018 година

**г) човечки ресурски и одржлив развој**

41. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за културата

42. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство

43. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност

44. Информација за формирање на Национално координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување, со Предлог-одлука за формирање на Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување и Предлог-решение за назначување на претседател, членови и заменици членови на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување

45. Информација за потребни податоци од институции заради подготовка на Проектот за подобрување на социјални услуги

46. Информација за реализација на проектот „Субвенции за купување музички инструменти за младите“

47. Информација за превентивни прегледи за социјално ранливи групи, со Акциски план

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

48. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување на игри на среќа „ГЛОБАЛ ГАМИНГ“ ДОО Скопје во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Франклин Рузвелт“ бр.68/1-3А Скопје-Центар

49. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко - планска документација

50. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „с. Средно Коњари и с. Долно Коњари“, Општина Петровец

51. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Рид“ с. Катланово, Општина Петровец

52. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец” Општина Ѓорче Петров и Општина Чучер Сандево

53. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - гранит на локалитетот „с. Мажучиште” Општина Прилеп

54. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Одризом“ с. Доброшане, општина Куманово

55. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за реконструкција и рехабилитација на државен пат „А3/Р1312 на ниво на експресен пат, делница Велес - Кадрифаково, Втора секција од депонија Велес до с. Лозово, од стационажа км.0+000 до км.8+933,92“ на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Бунар Дере“, Општина Велес

56. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на државен пат „Автопат Миладиновци-Св.Николе-Штип“ на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Овче Поле -Богословец” Општина Свети Николе

57. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за проширување и изградба на државен пат „А3/Р1312, делница Велес-Кадрифаково, четврта секција од с.Лозово до с.Сарамзалино и шеста секција од с.Сарамзалино до клучка Кадрифаково“ на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот “ с. Црнилиште” општина Свети Николе

58. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - лапорец на локалитетот „с.Блаце“, општина Чучер Сандево

**б) политички систем**

59. Барање на Фарук Балгиноглу, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

60. Барање на Балкан Беркан за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

61. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ Скопје

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

63. Иницијатива од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.92/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15 и 23/16)

64. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за купопродажба на недвижен имот во Берово со Имотен лист бр.1065 за КО Двориште на КП бр.6200

65. Понуда за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.102927 за КО Бутел на КП бр.2323, доставена од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје

66. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за купопродажба на сосопственички дел на недвижен имот во Ресен, со Имотен лист бр. 56375 за КО Ресен на КП 4956

67. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.10315

68. Понуда за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.108569 за КО Центар 1 на КП бр.9492/1, доставена од нотар Лазар Козаровски од Скопје

69. Известување од извршител Весна Деловска за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) И.бр.479/16

70. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје под И бр.622/17 за налог за извршување врз недвижност

## В. ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ

71. Кадровски прашања

72. Прашања и предлози

## Г. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

73. Информација за август 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“; „50% попуст за ученици и студенти“; „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“; „Средношколска среда“; „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“

74. Информација за септември 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“; „50% попуст за ученици и студенти“; „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“; „Средношколска среда“; „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“

75. Информација за склучување на договори за потполно испитување на патент со повеќе европски институции

76. Информација за преземените активности за подобрување на иновацискиот индекс

77. Информација за прогресот на твининг проектот Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост финансиран преку ИПА 2011

78. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ - Битола четврто тромесечие од 1.10.2016 до 31.12.2016 година

79. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта во вториот квартал од 2017 година

80. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за август 2017 година, со Преглед на примени материјали

81. Информација за преземени чекори од страна на Агенцијата за филм во врска со проект тв-серијал „Македонија“

82. Информација за прогрес за реализација на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото“

83. Информација за прогрес за реализација на проектот „Консолидација на земјоделското земјиште“ за третиот квартал од 2017 година

84. Извештај за работењето и користењето на средствата од програмите за изработка на просторни и урбанистички планови во 2017 година на Агенцијата за планирање на просторот, за периодот јануари - јуни

85. Информација за изградба на заедничка железничка станица на Република Македонија и Република Србија во населено место Табановце, за период 1.1-30.6.2017 година

86. Информација за прогрес на активности во врска со реализација на проектот „Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии“, за периодот јануари-септември 2017 година

87. Информација за бројот на ученици и студенти што добиваат услуги за кариерно советување (Исход 1.2.6 од Акцискиот план за вработување млади лица 2016 - 2020)

88. Информација за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот

89. Информација за реализација на проектот „Стимулативни мерки“

90. Информација за реализација на проекти од областа на културата заради создавање навики за културна перцепција кај младата популација

91. Информација за збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

92. Информација за арбитражен спор инициран од Гокул Дас Бинани и Маду Бинани против Република Македонија

93. Информација за капиталните проекти од областа на издавачката дејност на Министерството за култура

94. Информација за пристигната пресуда во НУ „Македонска филхармонија“, за вода и комунална хигиена

95. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2017 година

96. Информација за разгледување на можноста за доделување на простор на Економскиот институт при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, или за реконструкција на постојниот објект

97. Информација за потребата од задолжување на Министерството за труд и социјална политика за исплата на финансиски средства за подмирување на долг кон Државен студентски дом „Томе Стефановиќ Сениќ“ Скопје

98. Информација за употреба на систем за известување и следење на имплементацијата на јавните политики за интеграција на Ромите во Македонија, со Предлог-образец за известување

99. Информација за обновување и продолжување на мандатот на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми 2014-2020

*

*     *

**Пред преминување на дневен ред:**

**Табела со материјали за кои е побарано мислење и не се процесуирани во владина постапка поради докомплетирање**

Владата ги разгледа Табелата со материјали за кои е побарано мислење и не се процесуирани во владина постапка поради докомплетирање и Табелата со институции со број на неодговрени предмети и заклучи сите надлежни органи на државната управа и институциите наведени во Табелата со институции со број на неодговорени предмети, за наредната седница на Владата да ги достават мислењата по материјалите

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и можностите за наплата на даночен долг кај Јавното претпријатие „Македонијапат“ ЈПЦО Скопје и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, во соработка со Јавното претпријатие „Македонијапат“ ЈПЦО Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 20 дена да одржат заедничка средба на која ќе ги разгледаат сите можности во врска со ова прашање, со цел изнаоѓање на заедничко прифатливо решение за надминување на состојбата и потоа за истото да ја информираат Владата.

**Точка 2**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за потребата од финансиски средства за санација на метеоролошките станици во Демир Капија, Штип и Крива Паланка и поправка на радарскиот систем во Ѓуриште.

**Точка 4**

Владата во врска со Информацијата за можни начини и решавање на состојбите врзани со задолжителните нафтени резерви, со Анализа за потребите и ефектите кои би се постигнале со менување на уредбите за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за економија и Министерството за финансии да направат дополнителна анализа на состојбата со задолжителните нафтени резерви, да согледаат начин за нејзино надминување и потоа до Владата да достават соодветен предлог

**Точка 5**

Владата по Годишната сметка на ЈП „Стрежево“- Битола за 2016 година, Годишниот извештај за работењето на ЈП „Стрежево“- Битола во 2016 година и Ревизорскиот извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на ЈП „Стрежево“- Битола за 2016 година ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Стрежево” - Битола за 2016 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на ЈП „Стрежево” - Битола за 2016 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата заклучи да не ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево“ - Битола за 2016 година.

## Точка 7

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за проекти кои не се поврзани со основната дејност на АД ЕЛЕМ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. АД ЕЛЕМ да не започнува никакви инвестициони активности за проектите надвор од основната дејност, со кои е задолжен со владини заклучоци донесени во периодот од 2011 до 2017 година. Незапочнатите проекти да не се планираат во инвестиционата програма за 2018 година. Да ја испита можноста за прекинување на проектите кои се во тек.

2. АД ЕЛЕМ да ја испита можноста за раскинување на веќе склучените договори за кои не е започната реализација и доколку раскинувањето не предизвикува финансиски трошоци да ги раскине.

3. Изработената проектна документација за започнатите проекти, кои не се во изведба, да ја стави на располагање на други државни институции, општини и потенцијални инвеститори, за што ќе одлучи Владата.

4. АД ЕЛЕМ да стапи во преговори со ЕВН Македонија за измена на проектот за Реконструкција и доградба на фасада на деловна зграда на ул. 11 Октомври бр.9 Скопје, во насока на изведба на модерна енергетски ефикасна фасада во рамките на постојниот договор за изведба.

5. АД ЕЛЕМ да ги преземе сите неопходни активности за финализирање на изведбата и технички прием на административниот објект - Нова деловна зграда на АД ЕЛЕМ на ул. Македонија б.б.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од спроведување на отворена постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Струга (изведба на надпатник и дополнителен крак), ја усвои Информацијата и го одобри склучувањето на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба на денивелиран патен јазол за ТИРЗ Струга (изведба на надпатник и дополнителен крак).

## Точка 11

Владата по Барањето за финансиски средства за плаќање на членарина за 2017 година кон европските и меѓународните тела за стандардизација заклучи:

- Се задолжуваат Институтот за стандардизација на Република Македонија, Министерството за економија и Министерството за финансии да изнајдат заеднички прифатливо решение за плаќање на членарината на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2017 година кон европските и меѓународните тела за стандардизација до крајот на годината, како и да разгледаат начин за понатамошно плаќање на членарина кон европските и меѓународните тела за стандардизација.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2017 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за култура, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Ланд ровер фрилендер);

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено поправен дом - Идризово (пмв Опел зафира);

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за локална самоуправа - Државен инспекторат за локална самоуправа (пмв, Фолксваген голф 4);

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Шкода рапид);

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (пмв, Фолксваген голф 4);

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ „Здравствен дом“ Дебар (пмв Фолксваген голф 4);

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Опел тигра);

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Крајслер војаџер);

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Цитроен берлинго);

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда-Управа за извршување на санкции (пмв Фолксваген туран);

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат (пмв Фолксваген голф 4);

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за управување со одземен имот (пмв Фолксвеген пасат);

13. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за управување со одземен имот;
14. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат;

15. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен инспекторат за локална самоуправа и

16. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, во предложените текстови.

## Точка 16

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Министерство за труд и социјална политика (бел шеќер), (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Министерство за правда - Управа за извршување на санкции (бел шеќер), (нов текст), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Министерство за одбрана (бел шеќер), (нов текст), со заклучок во член 1 наместо зборовите „Министерство за труд и социјална политика“ да стојат зборовите „Министерство за одбрана“.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Министерство за здравство (сијалици Вата лет), (нов текст), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Министерство за одбрана (сијалици Вата лет и скршен ориз), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди на Министерство за труд и социјална политика (храна, облека и други предмети), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда-Управа за извршување на санкции (женски чорапи), во предложениот текст.

Владата се информираше со Решението за отстапување на одземен предмет бр.09-3568/1 од 26.10.2017 година (скршен ориз) на Здружението за просвета, култура и уметност „Абдулхаким Хикмет Доган"- Гостивар и Решението за отстапување на одземен предмет бр.09-3568/2 од 26.10.2017 година (бел шеќер) на Здружението за просвета, култура и уметност „Абдулхаким Хикмет Доган"- Гостивар, донесени од директорот на Агенцијата за управување со одземен имот.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за материјално технички средства на Дирекција за заштита и спасување и предлог за трајно давање на користење на Јавна здравствена установа Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања - Отешево, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за трансфер на прибраните средства во Компензациониот фонд Фаре во Буџетот на Република Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за финансии во Буџетот на Република Македонија да префрли средства во вкупен износ од 4.800.000,00 денари од сметките на Компензационен фонд Фаре *92/93 100000000063677, Компензационен фонд Фаре *94 100000000063774 и Компензационен фонд Фаре *95 100000000063871 на приходната потставка 725939-Други неданочни приходи, Програма 00, на сметка на Буџетот на Република Македонија-630010001963019, во рок од 5 (пет) дена.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на пруга Куманово-Бељаковце, железнички Коридор 8, за период 1.1.-30.6.2017 година (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на ЈП Македонски железници Инфраструктура-Скопје, веднаш да пристапи кон формирање на Единицата за имплементација на Проектот за реконструкција на пругата Куманово-Бељаковце, железнички Коридор 8 и за истото да ја извести Европска банка за обнова и развој.

2. Се укажува на ЈП Македонски железници Инфраструктура-Скопје да подготви и во рок од 30 дена да достави до Владата, акциски план во кој ќе бидат наведени сите активности кои треба да се преземат за надминување на тековните проблеми и застој на Проектот, со јасна временска рамка и динамика на нивно спроведување.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, најмалку еднаш во месецот да организира состанок на високо ниво на кој ќе присуствуваат сите надлежни институции, чија цел ќе биде разгледување и следење на реализацијата на Акцискиот план за овој проект.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Законот за трговија согласно иницијативата на посетените компании во рамки на проектот "Учиме од бизнис заедницата", ја усвои и го задолжи Министерството за економија во рок од 2 месеци од усвојувањето на истата до Владата на Република Македонија да достави Предлог-закон за изменување на Законот за трговија за укинување на времето за продажба на алкохол и укинување на ограничувањето, односно забраната на продажба на алкохол во киосци за кои ќе се издава лиценца за продажба на алкохол во киосци.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Петнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 14.12.2017 година во Приштина, Косово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија најдоцна до 11.12.2017 година да назначи свој претставник на високо ниво, најмалку до државен секретар, кој ќе треба да учествува во работата на Петнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница, кој ќе се одржи на 14.12.2017 година во Приштина, Косово.

2. Се задолжува претставникот на Владата на Република Македонија да ги поддржи следните точки од дневниот ред на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 14.12.2017 година во Приштина, кои се за усвојување и тоа:
- Агенда, отворање на состанокот и точките "А",
- Препорака за упатства до договорните страни за Националните енергетски и климатски планови како дел од управувањето со енергетската унија,
- Препораката 2017/.../ MC-EnC за Директивата 98/70/ЕС во врска со квалитетот на бензините и дизел горивата и за изменување на Директивата 93/12 /ЕЕЗ (ЕЗ),
- Препорака 2017 /../ MC-EnC за Глава II и Глава IV, Анекс I и Анекс VI од Директивата 2010/75 / EU за индустриски емисии (ЕЗ),
- Одлука на Министерски совет на Енергетската заедница 2017/07 за продолжување на мерките наметнати врз Босна и Херцеговина, согласно член 92 (1) од Договорот,

- Годишен извештај за активностите на Енергетската заедница,
- Одлука на Министерски совет на Енергетската заедница 2017/01 за финансиско ослободување на Директорот на Секретаријатот,
- Буџет на Енергетската заедница за 2018-2019 година,
- Процедурален акт 2017/01 на Министерскиот совет на Енергетската заедница за измена на Анекс IV од Договорот во контекст на пристапување на Грузија кон Енергетската заедница,
- Предлог на Европската комисија до Министерскиот совет на Енергетската заедница за донесување на одлука на Министерскиот совет за усвојување на Регулатива (ЕУ) 2016/1952 од 26 октомври 2016 година за европските статистики за цените на природен гас и електрична енергија и за укинување на Директивата 2008/92 ЕЗ,
- Одлука на Министерски совет на Енергетската заедница 2017/02 за неуспехот на Украина да се придржува кон Договорот за Енергетска заедница во случајот ECS -1/12,
- Одлука на Министерски совет на Енергетската заедница 2017/03 за неуспехот на Албанија се придржува кон Договорот за Енергетска заедница во случајот ECS -10/13,
- Одлука на Министерски Совет на Енергетската заедница 2017/04 за неуспехот на Босна и Херцеговина да се придржува кон Договорот за енергетска заедница во случајот ECS - 1/14,
- Одлука на Министерски Совет на Енергетската заедница 2017/05 за неуспехот на Србија да се придржува кон Договорот за Енергетска заедница во случајот ECS -11/14
- Одлука на Министерски Совет на Енергетската заедница 2017/05 за неуспехот на Србија да се придржува кон Договорот за Енергетска заедница во случајот ECS-18/16.

3. Се задолжува Министерството за економија по завршување на Петнаесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница во рок од 30 дена до Владата на Република Македонија да достави извештај за истиот.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со иницирање на постапка за изрекување на санкции за Република Македонија во споровите ECS-9/16 и ECS-2/15, покренати од Секретаријатот на енергетската заедница до Министерскиот совет, со Предлог-одговори (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија до Енергетска заедница да испрати одговор во врска со споровите ECS-9/16 и ECS-2/15, најдоцна до 11.12.2017 година.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Собрание на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 11.12.2017 година, во 14:00 часот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Исмаил Љума, од Министерството за економија, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 11.12.2017 година, во 14:00 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се овластува полномошникот да гласа „ЗА“ по сите точки од Процедуралниот дел и Работниот дел на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 11.12.2017 година, во 14:00 часот.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањата на концесионерите за измена на техничко решение за изградба на мали хидроелектрани и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Анекси на Договорите за концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани со кои ќе се уреди измената на координатите на машинската зграда и на зафатот, обврската за доплата на еднократниот концесиски надоместок и обврската за надополнување на гаранцијата за изведба за:

- Локација бр.158 Кадина Река на концесионерот ИМПГ ДОО Скопје
- Локација бр.353 Зрновска Река на концесионерот ИМПГ ДОО Скопје и
- Локација бр.349 Блатечка Река на концесионерот Енерџи Лукс ДООЕЛ Штип.

2. Се задолжува Министерството за економија, во рок од седум дена, писмено да ги извести концесионерите ИМПГ ДОО Скопје и Енерџи Лукс ДООЕЛ Штип дека се прифатени измените на координатите на машинската зграда и на зафатот во Договорите за концесија за локациите бр.158 Кадина Река, бр.353 Зрновска Река и бр.349 Блатечка Река согласно нивните барања, заради што е потребно концесионерите да го доплатат еднократниот концесиски надоместок за сума која одговара на разликата на понудената инсталирана моќност и моќноста која се бара со изменување на техничкото решение и соодветно на тоа да ги надополнат гаранциите за изведба за овие локации.

## Точка 25

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на Ветерна електрана Богословец, со Предлог-одлука.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Гуштерица“ Општина Кичево, ја усвои Информацијата и даде согласност на поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Гуштерица“, Општина Кичево.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи на локацијата со реден број 14 на река Падалишка на концесионерот МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје (најнов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за

концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Падалишка со реф.бр. 14 со концесионерот МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 5.10.2019 година, како и промени во прилозите за локација (Прилог 3) и за техничките спецификации (Прилог 4 ).

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, до денот на потпишување на Анекс Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Падалишка со реф.бр. 14, да достави Анекс кон банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот со важност, најмалку до 5.12.2019 година.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со предложениот Директен договор помеѓу Владата на Република Македонија и Про Кредит банка АД Скопје за финансирање на МХЕ Падалишка со референтен број 14 на концесионерот МХЕ ПАДАЛИШКА ДОО Скопје, со текст на Директен договор, ја усвои и го овласти Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање во име на Владата на Република Македонија, како концедент да склучи Директен договор со Про кредит банка АД Скопје, како средство за обезбедување на исполнување на обврските од страна на концесионерот согласно Договорот за концесија.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со реден број 312, 315, 316 и 317 на река Врановска и река Тополка на концесионерот МХЕ Тополки ДОО Скопје (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го овласти министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија како Концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Врановска со реф.бр. 312, МХЕЦ Тополка со реф.бр. 315, МХЕЦ Тополка со реф.бр. 316 и МХЕЦ Тополка со реф.бр. 317 со Концесионерот МХЕ Тополки ДОО Скопје.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да побара од концесионерот МХЕ Тополки ДОО Скопје, до денот на потпишување на Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ Врановска со реф.бр. 312, МХЕЦ Тополка со реф.бр. 315, МХЕЦ Тополка со реф.бр. 316 и МХЕЦ Тополка со реф.бр. 317 со концесионерот МХЕ Тополки ДОО Скопје, да достави Анекс кон Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот со важност најмалку до 5.1.2020 година.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со реден број 5 и 6 на река Жировница на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО од Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6, со концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје бр.02-5812/1 од 2.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 3.1.2020 година и во однос на техничките спецификации на МХЕЦ со референтен број 5 и 6.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да побара од концесионерот Хидроген енерџи ДОО Скопје, до денот на потпишување на Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5 и МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6, да достави Анекс кон Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот со важност најмалку до 4.3.2020 година.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на Одлуката за изменување и дополнување на Одлука на Владата на Република Македонија за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи на локации со референтен број 100 и 101 на река Лешочка (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 60 дена да ја информира Владата за извршениот увид на локациите со референтен 100 и 101 на река Лешочка и за можноста за реализација на наведените централи.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведување на одлуките за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија за МХЕ Јадовска 9 и МХЕ Зрновска 352 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да го склучи Договорот за концесија со Рад ком хидроенерџи ДООЕЛ Скопје за користење на вода за изградба на мала хидроелектрична централа за производство на електрична енергија за локацијата со референтен број 9 на река Јадовска.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија како концедент, да го склучи Договорот за концесија со Рад ком хидроенерџи ДООЕЛ Скопје за користење на вода за изградба на мала хидроелектрична централа за производство на електрична енергија за локацијата со референтен број 352 на река Зрновска.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведување на Одлуките за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија за МХЕ Чемплеска 309 и МХЕ Стровија 250 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го овласти министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да го склучи Договорот за концесија со Хидроенергија ДООЕЛ Скопје, за користење на вода за изградба на мала хидроелектрична централа за производство на електрична енергија за локацијата со референтен број 250 на река Стровија.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да го склучи Договорот за концесија со Хидроенергија ДООЕЛ Скопје, за користење на вода за изградба на мала хидроелектрична централа за производство на електрична енергија за локацијата со референтен број 309 на река Чемплеска.

## <u>Точка 34</u>

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите на избраните понудувачи во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на 11 мали хидроелектрични централи (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да го склучи договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа на река Вировска со инсталирана моќност од 447 kW и еднократен надоместок од д 5.669.999,00 денари.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, веднаш по издавање на дозволата за користење на вода, да го склучи договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа на река Вејачка со инсталирана моќност од 1319 kW и еднократен надоместок од 4.006.822,00 денари.

3. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да го склучи договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи Дворце и Градиште на река Вардар со инсталирана моќност од 1558 kW и еднократен надоместок од 7.011.000,00 денари.

4. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, веднаш по издавање на дозволата за користење на вода, да го склучи договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи Речица 1 и 2 на река Вардар со инсталирана моќност од 1599 kW и еднократен надоместок од 5.300.600,00 денари.

5. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, веднаш по издавање на дозволата за користење на вода, да го склучи договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи Мокриево на река Струмица со инсталирана моќност од 71 kW и еднократен надоместок од 820.500,00 денари.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на активностите на избраните понудувачи во постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на 35 мали хидроелектрични централи (нов текст), ја усвои Информацијата и го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да ги склучи договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мала хидроелектрична централа, во согласност со условите од издадените дозволи за користење на вода.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локацијата бр.7 на река Рибничка на Концесионерот Актуел Енерџи Груп ДОО Скопје, со Договор за концесија, ја усвои Информацијата и го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Рибничка со реф.бр. 7 во однос на координатите на зафатот на река Драгон и инсталираниот проток, согласно измените во дозволата за користење на вода и во однос на продолжување на рокот за изградба на објектите за дополнителни 12 месеци.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Дополнителен билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за екстрадиција од 13 декември 1957 година за олеснување на нејзината примена, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Билен Саљији, министер за правда, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда.

**Точка 38**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Дополнителен билатерален договор кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година, со цел олеснување на нејзината примена, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Билен Саљији, министер за правда, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и Оливер Ристовски, заменик

на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 39**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Елена Грозданова, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 40**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за усвојување на текстот на Годишна национална програма на Република Македонија за членство во НАТО за 2017-2018 година, во рамки на 18-от циклус на Акциониот план за членство, со текст на Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО за 2017-2018 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го одобри текстот на Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО за 2017-2018 година, како документ отворен за натамошна надградба, согласно идните реформски постигнувања до крајот на 18-от циклус на Акциониот план за членство.

2. Ја овласти делегацијата на Република Македонија, предводена од државниот секретар на Министерството за надворешни работи и државниот секретар на Министерството за одбрана, да ја претстави Годишната национална програма на Република Македонија за членство во НАТО за 2017-2018 година, со што официјално ќе започне 18-от циклус на Акциониот план за членство на Република Македонија во НАТО, пред Комитетот на заменици постојани претставници на земјите членки во НАТО, на состанокот закажан за 11 декември 2017 година, во седиштето на НАТО во Брисел.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за културата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

## Точка 42

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

## Точка 43

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Национално координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување, со Предлог-одлука за формирање на Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување и Предлог-решение за назначување на претседател, членови и заменици членови на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за назначување на претседател, членови и заменици членови на Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за потребни податоци од институции заради подготовка на Проектот за подобрување на социјални услуги (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 30 дена, да ги достави бараните податоци до Министерството за труд и социјална политика.

2. Се задолжува Државниот завод за статистика, во рок од 30 дена, да ги достави бараните податоци до Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 46

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на проектот „Субвенции за купување музички инструменти за младите“ (статус октомври 2017 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура, а им се укажува на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје, Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Факултетот за уметности при Универзитет во Тетово, Државен музичко-балетски училишен центар „Илија Николовски Луј” Скопје, Државен музички училишен центар „Сергеј Михајлов” Штип, Државно музичко училиште „Тодор Скаловски - Тетоец” Тетово и Државното музичко училиште во Битола, до 15 декември 2017 година да достават до Министерството за образование и наука, номинации за член и заменик член во Работната група која ќе биде задолжена да изработи критериуми за реализација на проектот „Субвенции за купување музички инструменти за младите“.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, во рок од пет дена, од добивањето на номинациите од институциите наведени во заклучокот број 1 да формира Работна група која ќе биде задолжена да изработи критериуми за реализација на Проектот „Субвенции за купување музички инструменти за младите“.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука по изготвувањето на критериумите од страна на Работната група, да изготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард и најдоцна до 15 февруари 2018 година да ги достави до Владата.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука, средствата потребни за реализација на овој проект да ги предвиди во рамки на сопствениот буџет.

Исто така, Владата заклучи Министерството за образование и наука да нема повеќе обврска да доставува до Владата информации во врска со овој проект.

**<u>Точка 47</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за превентивни прегледи за социјално ранливи групи, со Акциски план (нов текст), ја усвои Информацијата и заклучи Министерството за здравство во иднина да не доставува поединечни информации за овој проект, со оглед на тоа што истиот се совпаѓа со проектот „Служби за помош и поддршка на стари лица (кои живеат сами), Домашна посета и Домашен лекар“ во чиишто рамки Министерството ќе ја информира Владата за превентивни прегледи за социјално ранливи групи, во утврдените рокови.

**<u>Точка 48</u>**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за приредување на игри на среќа „ГЛОБАЛ ГАМИНГ“ ДОО Скопје во деловната просторија која се наоѓа на ул. „Франклин Рузвелт“ бр.68/1-3А Скопје-Центар, во предложениот текст.

**<u>Точка 49</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко - планска документација, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „с. Средно Коњари и с. Долно Коњари“, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Рид“ с. Катланово, Општина Петровец (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец” Општина Ѓорче Петров и Општина Чучер Сандево (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - гранит на локалитетот „с.Мажучиште” Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Одризом“ с.Доброшане, општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за реконструкција и рехабилитација на државен пат „А3/Р1312 на ниво на експресен пат, делница Велес - Кадрифаково, Втора секција од депонија Велес до с. Лозово, од стационажа км.0+000 до км.8+933,92“ на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Бунар Дере“, Општина Велес (најнов текст), во предложениот текст

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на државен пат „Автопат Миладиновци-Св.Николе-Штип“ на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Овче Поле - Богословец” Општина Свети Николе (нов текст), во предложениот текст

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за проширување и изградба на државен пат „А3/Р1312, делница Велес-Кадрифаково, четврта секција од с. Лозово до с. Сарамзалино и шеста секција од с. Сарамзалино до клучка Кадрифаково“ на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот “ с. Црнилиште” општина Свети Николе (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - лапорец на локалитетот „с. Блаце“, општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го разгледа Барањето на Фарук Балгиноглу, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за економија и Министерството за финансии, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 60**

Владата го разгледа Барањето на Балкан Беркан за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за економија.

**Точка 61**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Штип, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Иницијативата од Стамен Филипов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.92/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15 и 23/16) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 7, став 1 од Законот за даночна постапка во делот: „освен ако, во согласност со закон, за одделни одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство", член 17, став 1 во делот: „откривање на даночни казниви дела и на нивни извршители", член 52, став 4, член 57, точка 1 во делот: „и од други лица", член 76, став 3 во делот: „Управата за јавни приходи

ќе утврди фактичка состојба за која што постои одредена веројатност. Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник" и член 121, став 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06.....23/16).
Во врска со наводите од Иницијативата Владата на Република Македонија смета дека со Законот за даночна постапка, се уредува општото даночно право, постапката за утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка. Овој закон се применува на даноците, другите јавни приходи, на споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи, како и на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Македонија.
Подносителот на Иницијативата го оспорува член 7, став 1 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06.....23/16) во делот: „освен ако, во согласност со закон, за одделни одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство".
Подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба од Законот за даночна постапка не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок на Република Македонија владеењето на правото од член 8, став 1, алинеја 3, член 51 и член 52, став 4 од Уставот на Република Македонија, каде што истакнува дека според член 52, став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.
Имено, според членот 7 од истоимениот закон, даночната обврска се утврдува врз основа на законите кои биле во сила во време на нејзиното настанување, освен ако, во согласност со закон, за одделни одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство.
Значењето на овој став е дообјаснето во понатамошниот став 2 од истиот член, според кој дејствијата во даночната постапка се регулирани со прописите кои се на сила во времето кога се преземаат.
Едно од начелата на даночната постапка е и начелото на законитост и слободно одлучување, кое е пропишано со член 6 од Законот, според кое Управата за јавни приходи е должна да ги утврдува сите факти кои се битни за донесување на законити одлуки, при што мора подеднакво да ги земе предвид фактите кои одат во прилог и на штета на даночниот обврзник.
Аналогно на ова, доколку Управата за јавни приходи има законско право за слободно одлучување, тогаш ова слободно одлучување мора да биде во согласност со целта на ова право и да ги почитува законските граници на слободното одлучување и владеењето на правото.
Законот за даночна постапка се темели и на начелото на утврдување на фактичка состојба, што значи дека даночните факти се утврдуваат согласно даночните закони и нивната економска суштина.
Имено, повратно дејство на одделни одредби кои се однесуваат на даночните обврски не е предвидено со оваа одредба, туку тоа произлегува од другите, посебни даночни закони со кои се уредуваат посебните видови на даноци. Поконкретно, допуштено е повратното дејство на законите доколку тоа е поповолно за граѓаните, а доколку законите предвидуваат повратно дејство кое е понеповолно за граѓаните, тогаш само тие одредби, поточно конкретни одредби од другите даночни закони можат да бидат предмет на ваков вид на иницијатива, но не и оваа одредба.
Врз основа на горенаведеното член 7, став 1 од Законот за даночна постапка во делот: „освен ако, во согласност со закон, за одделни одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство", е во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на

Република Македонија да донесе решение со кое предметната иницијатива по овој член ќе ја отфрли како неоснована.
Подносителот на Иницијативата го оспорува и член 17, став 1 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06.....23/16) во делот: „откривање на даночни казниви дела и на нивни извршители".
Истиот смета дека оспорениот дел од оваа законска одредба не е во согласност со член 8, став 1, алинеи 3 и 4, член 51, амандман 25 со кој е заменет член 98, член 106, став 1 и амандман 30 со кој се заменети став 2 и 3 на член 106 од Уставот на Република Македонија.
Во понатамошниот текст подносителот на Иницијативата се повикува и на Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 228/06 од 11.7.2007 година, со која е укинат членот 109 од Законот за даночна постапка, кој се однесува на даночна истрага која е уредена со Законот за финансиската полиција, како и тоа што поднасловот „Даночна истрага", како и член 109 кои се избришани.
Подносителот бара при одлучување за основаноста на овој член да се има предвид и Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.40/03 од 30.6.2004 година, со која се укинати член 5, став 1, точка 3, 4, 5 и 6 и став 2, точка 4, 6, 8 и 11 и член 10, став 1, точка 2 од Законот за финансиската полиција.
Со оспорената одредба од член 17 се уредува улогата на Управата за јавни приходи во даночната постапка. Управата за јавни приходи ги врши работите кои се однесуваат на водење на првостепена даночна постапка, водење регистар на даночни обврзници и даночни акти и на евиденција, откривање на даночни казниви дела и на нивни извршители, водење на првостепена прекршочна постапка, како и други работи одредени со овој закон.
Според истиот член Управата за јавни приходи самостојно ги извршува работите на територијата на Република Македонија и се организира така да обезбеди функционално единство во спроведување на даночните прописи.
Понатаму, кои дејствија ќе се преземаат во постапката и во кој обем одредува Управата за јавни приходи согласно закон и истовремено го повикува даночниот обврзник на поднесување даночни пријави и на навремено плаќање на своите даночни долгови во согласност со важечките закони. Меѓу другото Управата за јавни приходи е должна да го поучи даночниот обврзник во даночната постапка на неговите права и обврски.
Според член 16 даночно-правен однос е однос кој во даночната постапка ги опфаќа правата и обврските на Управата за јавни приходи од една страна и на даночниот обврзник од друга страна, при што особено се уредува исполнувањето на даночните обврски од страна на даночниот обврзник, како и правото на Управата за јавни приходи да бара исполнување на овие обврски.
Имено, имајќи го во предвид делокругот на надлежноста на финансиската полиција, законодавецот основот за постапувањето дополнително го пропишал и во член 12, став 1 точка 5 од Законот за финансиската полиција, предвидел одредба според кој во делокругот на надлежности на финансиската полиција е и да поднесува иницијатива за поведување на даночна и друга постапка за утврдување и наплата на јавните давачки пред надлежниот орган.
Имено, законодавецот основот за постапувањето го пропишал и во Законот за даночна постапка преку даденото овластување на Управата за јавни приходи да може да ги презема истите дејствија, а се со цел наплата на даноците и јавните давачки кои се приход на буџетот на Република Македонија.
Од друга страна кога на Управата и се дадени со закон ингеренции кои се однесуваат на водење на првостепена даночна постапка, таа и во пракса мора да ги открива незаконитостите и извршителите на делата, но и да ја спречува и појавата на нелојална конкуренција, односно на еден начин да ја гарантира слободата на пазарот и еднаквата правна положба на сите субјекти, бидејќи јасно е дека таквата обврска е во функција на обезбедување поголема фискална дисциплина во однос на плаќањето на даноците како

општа обврска на сите субјекти, која основот го црпи од член 33 од Уставот на Република Македонија.
Имајќи го предвид наведеното, сметаме дека со оспорената одредба не се повредени темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија кои се наведени во Иницијативата, а тоа се владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, ниту пак станува збор за неуставно законско решение во ситуација кога законодавецот ја цени целисходноста на законските решенија и воедно сметаме дека не е повреден амандман 25 со кој е заменет член 98, бидејќи судската власт ја вршат судовите и член 106, став 1 и амандман 30 со кој се заменети став 2 и 3 на член 106 од Уставот на Република Македонија, бидејќи Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон.
Врз основа на горенаведеното член 17, став 1 во делот: „откривање на даночни казниви дела и на нивни извршители" од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06... 23/16), е во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната иницијатива по овој член ќе ја отфрли како неоснована.
Подносителот на Иницијативата го оспорува и член 52, став 4 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06.....23/16)., според кој даночна пријава мора да поднесе и лице кое за тоа ќе биде повикано од Управата за јавни приходи, каде наведува дека оваа одредба е од императивен карактер и според него е нејасна и неразбирлива.
Според подносителот на Иницијативата постојат други инструменти за да се утврди фактичката состојба, а не да се присилува некое лице со сила да поднесе пријава против себе.
Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека според член 8, став 1, алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.
Имено, според член 52 од Законот за даночна постапка, даночниот обврзник мора да поднесе даночна пријава до Управата за јавни приходи. Даночната пријава преставува запис на даночниот обврзник за остварените приходи, извршените расходи, добивката, имотот, прометот на добра и услуги или други трансакции од значење за утврдување на данок.
Имено, во делокруг на работа на Управата за јавни приходи според член 4 од Законот за Управата за јавни приходи е и извршување на управните и други стручни работи кои се однесуваат на: спроведување на законите и други прописи за даноците, регистрација на даночните обврзници со доделување на единствен даночен број и водење единствен регистар на даночните обврзници, примање на даночни пријави и внесување на даночните побарувања во даночната евиденција, утврдување на даноците во согласност со закон, инспекциски надзор во согласност со закон, наплата на даноците, водење на даночна евиденција. Понатаму, Управата за јавни приходи собира и обработува податоци за утврдените и наплатените даноци, а се со цел заради унапредување на даночниот систем и зголемување на ефикасноста и ефективноста во наплатата на даноците.
Имено, законодавецот со оспорената одредба не присилува со сила некое лице да поднесе пријава против себе, како што потенцира подносителот на Иницијативата во истата, туку со оваа одредба и се овозможува на Управата доколку увиди одредена неправилност, да побара даночна пријава да поднесе и лице кое за тоа ќе биде повикано. Имено со плаќањето на даночните обврски лицата не поднесуваа пријави против себе и не прават ништо против себе, туку напротив, прават добро за себе и за заедницата во која живеат.

Основот за ова е содржан во член 33 од Уставот, според кој секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.
Врз основа на горенаведеното член 52, став 4 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06... 23/16), е во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната иницијатива по овој член ќе ја отфрли како неоснована.
Подносителот на Иницијативата го оспорува и член 57, точка 1 во делот: „и од други лица" од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06.....23/16).
Истиот смета дека Управата за јавни приходи ги користи сите доказни средства потребни за утврдување на фактите битни за оданочување, а особено собирање информации од даночниот обврзник и од други лица.
Подносителот смета дека даночен обврзник не е оној кој што треба да дава информации, да приложува документи, да предаде проценка или да дозволи пристап до имот и/или деловни простории во врска со даночна обврска на трето лице.
Исто така подносителот на Иницијативата истакнува дека овој дел од оваа законска одредба не е во согласност со член 8, став 1, алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, но и од причина што Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр. 213/07 од 30.1.08 година, го укина член 62, став 1 во делот: „и од други лица".
Имено, член 57 е составен дел од третата глава од Законот за даночна постапка со наслов „Утврдување на факти" и истиот гласи: „Изведување и оценка на докази". Управата за јавни приходи ги користи сите доказни средства потребни за утврдување на фактите битни за оданочување, а особено: собирање информации од даночниот обврзник и од други лица; одредување вештаци; прибавување на исправи и списи, излегување на увид, и проверка на веродостојноста на книжења и другите евидентирања со примена на финансиско-сметководствена форензичка анализа.
Во член 4 од Законот за даночна постапка се дадени дефиниции на одделни изрази кои се употребуваат во законот, при што во точка 9 е определено дека даночен обврзник е оној кој што: 1) должи данок; 2) гарантира за данок; 3) треба да плати или наплати данок за сметка на трето лице; 4) треба да поднесе даночна пријава и/или даночно објаснување; 5) мора да води книги или записи, или 6) мора да исполнува други обврски кои што му се наложени со даночните закони.
Според точка 10 од истиот член од законот, даночен обврзник не е оној кој што треба да дава информации, да приложува документи, да предаде проценка или да дозволи пристап до имот и/или деловни простории во врска со даночна обврска на трето лице.
Поим и содржина на даночно-правен однос е уреден со член 16, според кој даночно-правен однос е однос кој во даночната постапка ги опфаќа правата и обврските на Управата за јавни приходи од една страна и на даночниот обврзник од друга страна, при што особено се уредува исполнувањето на даночните обврски од страна на даночниот обврзник, како и правото на Управата за јавни приходи да бара исполнување на овие обврски.
Според член 59, кој е насловен: „Дополнителни информации", Управата за јавни приходи може да користи дополнителни информации, поточно информации за факти утврдени во даночна постапка на трети лица, а кои би можеле да бидат значајни за други даночни постапки.
Од наведеното е јасна интенцијата на законодавецот дека основата на Законот за даночна постапка треба да се гледа првенствено како даночно правен однос помеѓу Управата за јавни приходи од една и даночниот обврзник од друга страна, меѓутоа сметаме дека треба да се има предвид и член 4 од Законот за Управата за јавни приходи кој се однесува на делокругот на работата на Управата за јавни приходи, каде јасно се наведени

овластувањата на Управата за јавни приходи, која со закон е обврзана да ги користи сите доказни средства потребни за утврдување на фактите битни за оданочување.

Аналогно на ова сметаме дека оспорениот член 57, точка 1 во делот: „и од други лица“ треба да се гледа пошироко. Имено законодавецот во одредениот став не обврзува други лица при собирање на информации потребни за утврдување на фактите битни за оданочување, туку има право да побара и собере информации за кои другото лице, а кое не е даночниот должник, не е обврзан да ги даде.

Притоа, треба да се има предвид дека можеби тие информации би оделе во полза на даночниот обврзник и поради тоа треба да се запрашаме дали доколку се избрише делот од став 1 на истоимениот член „и од други лица", Управата доколку знае за постоење на тие информации нема да смее да ги побара од тие други лица.

Според член 33 од Уставот, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон. На овој начин не се нарушува еднаквоста на граѓаните и владеењето на правото туку напротив, се влијае врз нееднаквоста, се обезбедува нејзино остварување во однос на сите граѓани и се почитува владеењето на правото.

Имајќи го предвид наведеното, сметаме дека со оспорената одредба не се повредени темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија кои се наведени во Иницијативата, а тоа се владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, ниту пак станува збор за неуставно законско решение во ситуација кога законодавецот ја цени целисходноста на законските решенија.

Врз основа на горенаведеното член 57 точка 1 во делот: „и од други лица" од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06... 23/16), е во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната иницијатива по овој член ќе ја отфрли како неоснована.

Подносителот на Иницијативата го оспорува член 76, став 3 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06.....23/16) во делот: „Управата за јавни приходи ќе утврди фактичка состојба за која што постои одредена веројатност. Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник."

Подносителот на Иницијативата истакнува дека оспорените законски делови се исклучиво на штета на даночниот обврзник со што се крши начелото на материјална вистина од член 9 од претходниот Закон за општата управна постапка, според кој во управната постапка мора да се утврди фактичката состојба на работите и за таа цел мора да се утврдат сите факти што се од важност за донесување на законито и правилно решение.

Подносителот на Иницијативата се повикува и на член 6 став 1 од Законот за даночна постапка, член 10, член 50, став 1 и член 58 од Законот за даночна постапка и според тоа смета дека оспорените законски делови не се во согласност со член 8, став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија.

Според член 76 од Законот за даночна постапка, со наслов пред членот „Проценка на даночна основа", доколку Управата за јавни приходи не може да ја утврди даночната основа врз основа на деловните книги и евиденцијата, врши проценка. При проценката треба да бидат земени во предвид сите околности кои би можеле да бидат битни за проценката. При проценката Управата за јавни приходи постапува но начелото на слободно одлучување согласно член 6, став 2 на овој закон. Притоа Управата за јавни приходи ќе го земе во предвид доказниот материјал на даночниот обврзник и неговата одговорност за разјаснување на фактичката состојба. За време на проценката Управата за јавни приходи ќе утврди фактичка состојба за која што постои одредена веројатност. Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник.

Според член 6 од Законот Управата за јавни приходи е должна да ги утврдува сите факти кои се битни за донесување на законити одлуки, при што мора подеднакво да ги земе предвид фактите кои одат во прилог и на штета на даночниот обврзник. Доколку Управата за јавни приходи има законско право за слободно одлучување, тогаш ова слободно одлучување мора да биде во согласност со целта на ова право и да ги почитува законските граници на слободното одлучување.

Токму поради појаснување и допрецизирање на овој член е воведен нов член 6-а („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/08), според кој службеното лице кое е овластено да решава или да извршува одредени дејствија во даночна постапка, ќе се изземе од работата во предметот доколку постојат околности коишто ја доведуваат во прашање неговата објективност и непристрасност во предметот во кој е странка, сопственик, сообврзник, полномошник, законски застапник и припадник. Даночниот обврзник има право да бара изземање на службено лице поради наведените причини и во барањето треба да ги наведе сите околности за кои смета дека се причина за изземање. По ова барање одлучува Управата за јавни приходи со решение во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето, а против решението даночниот обврзник може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Според член 10 од Законот за даночна постапка даночните факти се утврдуваат согласно даночните закони и нивната економска суштина.

Според член 50 од Законот даночниот обврзник мора да учествува во утврдувањето на фактичката состојба, така што своето учество го исполнува особено со изнесување на целосни и вистинити факти битни за оданочување и за тие свои тврдења треба да поднесе докази.

Врз основа на погоре наведеното интенцијата на законодавецот при донесување на оваа одредба била јасна. Имено, Управата за јавни приходи има со закон доделени ингеренции за утврдување на фактичка состојба и со закон утврдени рамки на своето постапување и работење. Неопходно е да се каже дека според член 3, став 4 од Законот за даночна постапка за сите прашања што не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Според член 5 став 1 од Законот за општата управна постапка, јавните органи постапуваат во согласност со Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Македонија. Според став 3 од истиот член ако јавниот орган е овластен со закон да решава по слободна оцена, управниот акт треба да биде донесен во границите на законот со кој се дава овластувањето, во согласност со целта за која е дадено овластувањето и да биде особено образложен.

Според член 8 од Законот за општата управна постапка органите во управната постапка се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на управните работи.

Според член 10 од Законот за општата управна постапка јавниот орган треба да ги утврди сите факти и околности што се од битно значење за правилно утврдување на фактичката состојба во управната постапка. Јавниот орган е должен по службена должност да ги прибави, разгледа и обработи информациите кои се чуваат во службената евиденција и регистрите, под услов пристапот до овие информации да не е забранет со посебен закон. Јавниот орган од странката може да ги бара само оние податоци или исправи кои се потребни за утврдување на фактите и околностите, а за кои не се води службена евиденција.

Врз основа на горенаведеното јасна интенцијата на законодавецот во оспорената одредба од Законот, во делот: „Управата за јавни приходи ќе утврди фактичка состојба за која што постои одредена веројатност. Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник". Имено, јасно е дека оспорениот дел истовремено значи и дека Управата врз основа на фактичката состојба може да извлече и заклучоци кои ќе бидат во корист на даночниот обврзник.

Врз основа на горенаведеното член 76, став 3 од Законот за даночна постапка во делот: „Управата за јавни приходи ќе утврди фактичка состојба за која што постои одредена веројатност. Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник", од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06... 23/16), е во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната иницијатива по овој член ќе ја отфрли како неоснована.
Подносителот на Иницијативата го оспорува и член 121, став 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06.....23/16).
Подносителот на Иницијативата, во истата се повикува на член кој повеќе не е во сила и истиот има претрпено измена („Службен весник на Република Македонија" бр.154/15).
Врз основа на горенаведеното член 121, став 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06......23/16), е во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната иницијатива по овој член ќе ја отфрли како неоснована.
Исто така при разгледувањето на Иницијативата ќе треба да се имаат предвид и наводите од истата во кои се предлага до донесување на конечна одлука, врз начелата на приоритет и итност (член 50, став 1 од Уставот на Република Македонија), Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти или дејствија превземени врз основа на оспорените законски одредби од причина што член 7, став 1 од Законот за даночна постапка во делот: „освен ако, во согласност со закон, за одделни одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство", член 17, став 1 во делот: „откривање на даночни казниви дела и на нивни извршители", член 52, став 4, член 57 точка 1 во делот: „и од други лица", член 76, став 3 во делот: „Управата за јавни приходи ќе утврди фактичка состојба за која што постои одредена веројатност. Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник" и член 121, став 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15 и 23/16) се во согласност со Уставот на Република Македонија, така што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да донесе решение со кое предметната иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за купопродажба на недвижен имот во Берово со Имотен лист бр.1065 за КО Двориште на КП бр.6200 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.102927 за КО Бутел на КП бр.2323, доставена од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за купопродажба на сосопственички дел на недвижен имот во Ресен, со Имотен лист бр. 56375 за КО Ресен на

КП 4956 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.10315 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.108569 за КО Центар 1 на КП бр.9492/1, доставена од нотар Лазар Козаровски од Скопје и по Понудата ги усвои мислењата на Министерството за финансии и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

**Точка 69**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) И.бр.479/16 и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата во врска со Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје под И бр.622/17 за налог за извршување врз недвижност, заклучи Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за наредната седница на Владата да достават заедничко мислење по истото.

**Точка 71**

1. Владата заклучи предлозите за именување членови на Управниот одбор претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

2. Владата за членови на Управниот одбор претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален парк Галичица, Охрид ги именува:

- Беким Муареми и
- Даниела Рендевска

3. Владата за членови на Управниот одбор претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален парк Пелистер- Битола, ги именува:

- Исуф Фетаи

- Милева Тагасовска

4. Владата го именува Павле Трајанов за Национален координатор за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија и истовремено да му уврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја именува Анета Смилевска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие на ЈП Стрежево-Битола.

6. Владата го именува Стојанче Кировски за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" - Скопје.

7. Владата го именува Нинослав Јанковски за член на Управниот одбор на Агенција за управување со одземен имот.

8. Владата ја именува Јана Костадиновска за член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување Студенчица Кичево.

9. Владата го именува Александар Ружин за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за државни патишта.

10. Владата го именува Трајче Нешковски за член на Управниот одбор на Централен регистар на Република Македонија.

11. Владата ја именува Перса Наумовска за член на Управниот одбор на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

12. Владата ја именува Маја Милосавлевиќ за член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

13. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Македонски Телеком АД - Скопје, Анета Симеска да ја отповика од должноста неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, а за неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото да биде избран Мирослав Вуиќ.

14. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија од должноста член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија да ја разреши Елена Маркова Велинова, поради истек на мандатот, а за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија да го именува Панче Орцев.

**<u>Точка 72</u>**

1. По повод укажувањето на Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи, за доставено барање за хуманитарна помош во врска со поплавите што ја зафатија Република Албанија, Владата заклучи:

1. Се задолжуваат Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за надворешни работи, да стапат во контакт со Агенцијата за управување со одземен имот, Царинската управа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за лекови и медицински средства, Агенцијата за

стоковни резерви, Центарот за управување со кризи и другите надлежни институции, со цел да ги разгледаат сите можности за видот и обемот на хуманитарна помош што може да биде испратена согласно барањата на Република Албанија и согласно утврдените можности Дирекцијата за заштита и спасување во рок од три дена до Владата да достави соодветна Предлог-одлука.

2. Се препорачува на Црвениот крст на Република Македонија, да ги разгледа можностите за видот и обемот на хуманитарна помош што може да ја испрати до Република Албанија, согласно нивните барања."

2. Владата на предлог на Министерството за транспорт и врски заклучи Извадокот од 40-та седница на Владата, одржана на 28.11.2016 година, донесен по точка 114 Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од петта емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука, да се дополни со следниот став:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски, средствата во износ од 1.039.000 ЕВРА во денарска противвредносг по среден курс на Народна банка на Република Македонија објавен на денот пред денот на донесување на Одлуката за зголемување на основната главнина на МЕР АД Скопје со влогови преку издавање на нови акции од петта емисија по пат на приватна понуда, кои се обезбедени во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2017 на сметка 130010025663718, Потпрограма 3Д-Гасификација, ставка 489-3Д-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, да ги префрли на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси, согласно Одлуката за зголемување на основната главнина на МЕР АД Скопје со влогови преку издавање на нови акции од петта емисија по пат на приватна понуда.

3. Владата ја разгледа Информацијата за реализацијата на капитални расходи во Буџетот на Република Македонија заклучно со 30.11.2017 година, со табеларен преглед и притоа заклучи:

- сите министерства и буџетски корисници доколку не можат да ги реализираат капиталните расходи, нивните финансиски / сметководствени служби веднаш да направат план за нивно искористување за подмирување на тековните расходи, најдоцна до 15.12.2017 година, со цел средствата да не се пренесуваат во наредната година."

4. Владата ја разгледа Информацијата за чествување на државниот празник „Св. Климент Охридски" - 8 Декември и ја усвои, со заклучок за член во делегацијата што ќе положи цвеќе на споменикот „Св. Климент Охридски" во дворот на НУБ, на местото на Мила Царовска, министер за труд и социјална политика да биде Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции."

5. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 27.11.2017 до 3.12.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за август 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“; „50% попуст за ученици и студенти“; „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“; „Средношколска среда“; „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за септември 2017 година за реализација на проектите: „Бесплатен викенд за млади лица до 27 години за превоз во железнички сообраќај“; „50% попуст за ученици и студенти“; „Бесплатен четврток за студенти во железнички патнички сообраќај“; „Средношколска среда“; „Бесплатен викенд за стари лица во железнички патнички сообраќај“, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договори за потполно испитување на патент со повеќе европски институции (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за подобрување на иновацискиот индекс (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на твининг проектот Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост финансиран преку ИПА 2011, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ - Битола четврто тромесечие од 1.10.2016 до 31.12.2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта во вториот квартал од 2017 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за август 2017 година, со Преглед на примени материјали, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени чекори од страна на Агенцијата за филм во врска со проект тв-серијал „Македонија“, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес за реализација на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото“, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес за реализација на проектот „Консолидација на земјоделското земјиште“ за третиот квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работењето и користењето на средствата од програмите за изработка на просторни и урбанистички планови во 2017 година на Агенцијата за планирање на просторот, за периодот јануари - јуни, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на заедничка железничка станица на Република Македонија и Република Србија во населено место Табановце, за период 1.1-30.6.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активности во врска со реализација на проектот „Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологии“, за периодот јануари-септември 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука, да подготви информација за користењето на лабораториите од страна на стопанството и во рок од еден месец да ја достави до Владата.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на ученици и студенти што добиваат услуги за кариерно советување (Исход 1.2.6 од Акцискиот план за вработување млади лица 2016 - 2020), како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за вршење на периодични здравствени прегледи од страна на здравствени работници на корисниците во дневните центри за деца и лица со пречки во развојот, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Стимулативни мерки“, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проекти од областа на културата заради создавање навики за културна перцепција кај младата популација, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за арбитражен спор иницирам од Гокул Дас Бинани и Маду Бинани против Република Македонија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за арбитражен спор иницирам од Гокул Дас Бинани и Маду Бинани против Република Македонија.

Се задолжува Министерството за економија во соработка со д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да формира работна група составена од претставници од Министерството за економија, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи и Државното правобранителство на Република Македонија со следните задачи:

- во најкраток можен рок од усвојувањето на оваа информација да достави до Владата предлог за арбитар во Меѓународниот суд на правда во Хаг и предлог за правни експерти кои ќе ја застапуваат Република Македонија во арбитражата,

- по назначување на правните експерти кои ќе ја претставуваат Република Македонија во арбитражата, на истите да им ја достави целокупната расположива документација поврзана со спорот и да ги вклучи во работата на работната група,

- во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација до Владата да достави информација за оправданоста на барањето за арбитража заедно со предлог правно мислење - произнесувањето по предметниот спор што Владата на Република Македонија ќе го достави до претседателот на Меѓународниот суд на правда во Хаг и

- во текот на арбитражниот процес да соработува со застапниците на Република Македонија назначени за предметниот спор.

**Точка 93**

Владата по Информацијата за капиталните проекти од областа на издавачката дејност на Министерството за култура заклучи Министерството за финансии, по поднесено барање за прераспределба на средства од Министерството за култура, да подготви и за наредната

седница на Владата да достави соодветна Предлог-одлука за прераспределба на средствата.

**Точка 94**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за пристигната пресуда во НУ „Македонска филхармонија“, за вода и комунална хигиена.

**Точка 95**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за разгледување на можноста за доделување на простор на Економскиот институт при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, или за реконструкција на постојниот објект, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да ја разгледа можноста за обезбедување на простор за Економски институт при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и за истото во рок од 30 дена да ја извести Владата.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од задолжување на Министерството за труд и социјална политика за исплата на финансиски средства за подмирување на долг кон Државен студентски дом „Томе Стефановиќ Сениќ“ Скопје, ја усвои и притоа заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да ја разгледаат можноста за подмирување на предметниот долг кон Државен студентски дом „Томе Стефановиќ Сениќ“ Скопје

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за употреба на систем за известување и следење на имплементацијата на јавните политики за интеграција на Ромите во Македонија, со Предлог-образец за известување (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, а се препорачува на Агенцијата за вработување на Република Македонија да достават информација согласно бараните податоци од образецот за известување и да го достават до министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, во рок од седум дена.

2.Се задолжува Државниот завод за статистика да ги вклучи индикаторите за оцена на влијанието од Урнекот за мониторинг и известување согласно Стратегијата за Роми, во Програмата за статистички истражувања 2018-2022.

3.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, да го доставува еднаш годишно, почнувајќи од декември 2017 година, Урнекот за мониторинг и известување до службите на иницијативата Интеграција на Роми 2020 во рамките на Регионалниот совет за соработка.

4.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, преку службите на Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до првата половина на март во тековната година, да го достави Урнекот за мониторинг и известување до службите на Европска Комисија, односно до Директоратот за проширување.

Истовремено, Владата заклучи во Информацијата за употреба на систем за известување и следење на имплементацијата на јавните политики за интеграција на Ромите во Македонија, со Предлог-образец за известување, да се инкорпорираат забелешките од Државниот завод за статистика.

## Точка 99

Владата на предлог на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски го одложи разгледувањето на Информацијата за обновување и продолжување на мандатот на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми 2014-2020.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:00 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**